Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 08.08.2021

На 08.08.2021 во 01.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода В.П.(25) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.08.2021 во 02.30 часот на влезот на Споменикот на слободата во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани ги лишиле од слобода Д.С.(24) и А.Б.(26), двајцата од Зрновци, кочанско, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.08.2021 околу 17.30 часот на регионалниот пат Негорци-Прдејци од страна на полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи во соработка со ОВР Гевгелија, лишени се од слобода Џ.С.(29) од Гевгелија и Ф.Н.(34) од Скопје.Тие биле затекнати при примопредавање на пакување марихуана во количина од еден килограм. На лице место е извршен увид од страна на криминалистичка техника при ОВР Гевгелија, а двете лица се приведени во полициска станица. Известен е Јавен обвинител од ОЈО Гевгелија и по документирање на случајот против нив ќе биде поднесена кривична пријава за извршено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик.

На 08.08.2021 во 00.10 часот во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода М.М.(23) од Виница, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.08.2021 Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 424 возачи. Од нив, 40 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина.

На 07.08.2021 во 04.00 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на локалниот пат с.Лажани-с.Житоше се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф", управувано од В.К.(38) од с.Кривогаштани, прилепско и трактор „фергусон",управуван од А.Ш.(65) од с.Житоше, двете со прилепски регистарски ознаки. Во незгодата возачот В.К. се здобил со тешки телесни повреди, а возачот на тракторот се здобил со телесни повреди, констатирани во болницата во Прилеп. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Прилеп.

На 07.08.2021 во СВР Велес било пријавено дека во с.Мартолци, велешко, К.Н. од с.Мартолци пронашол рачна бомба со потекло од Втората светска војна. Увид бил извршен, а повикан е пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување за подигање на бомбата.

На 07.08.2021 во 21.10 часот во СВР Куманово било пријавено дека на регионалниот пат с.Липково-с.Матејче, општина Липково, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „форд мондео", управувано од Ј.С.(57) од с.Отља, општина Липково и мотоцикл „геели ЈЛ 150", управуван од малолетник од с.Липково, двете со кумановски регистарски ознаки. Во незгодата малолетникот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Ургентен центар Куманово. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Куманово.

На 07.08.2021 од 05.00 до 22.00 часот Мобилната единица за безбедност во сообраќајот спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, на автопатот Куманово-Скопје-Велес, при што санкционирани се 132 возачи. Од нив 27 возачи возеле со брзина од над 50 километри на час над пропишаната, а троја со дури над 70 километри на час над дозволеното.

На 07.08.2021 во 11.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека на бул„Гоце Делчев" во Струмица, Б.Ј.(43) од Струмица, управувајќи патничко возило „цитроен берлинго", со струмички регистарски ознаки, изгубил контрола над возилото и излетал од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот В.К.(49) од с.Водоча, а со телесни повреди се здобил сопатникот И.М.(28) од Струмица, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Струмица.

Во периодот од 18.00 часот на 07.08.2021 до 02.00 часот на 08.08.2021 од страна на Одделението за безбедност на патниот сообраќај при СВР Скопје во соработка со Полициското одделение за сообраќајно-ескортно обезбедување, спроведена е зајакната акциска контрола на подрачјето на Скопје за санкционирање на прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли. При контролата санкционирани се 58 возачи, од кои 21 биле исклучени од сообраќај. Од нив, 27 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 17 возеле без возачка дозвола, а санкционирани се и други прекршоци.

На 07.08.2021 во 10.00 часот во Полициската станица Аеродром, Н.П.(46) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 07/08.08.2021 во периодот од 21.00 до 01.00 часот на подрачјето на Крива Паланка спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 20 возачи. Засилените сообраќајни контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до граѓаните да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи за да ја зголемиме безбедноста во сообраќајот и заедно да придонесеме за посигурни патишта.

На 07.08.2021 во 22.15 часот на локалниот пат кон кичевското село Србица, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода Р.Р.(46) од с.Србица, затоа што при контрола во неговото патничко возило „фолксваген голф", со кичевски регистарски ознаки, била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.08.2021 во 14.40 часот, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода М.З.(30) и Е.Х.(21), двајцата од Велес. Тие биле затекнати при извршување тешка кражба во фабрика во Велес, односно во моментот кога се обиделе да ги стават украдените предмети во возило и да заминат. Украдените предмети им биле одземени, а тие биле приведени во полициска станица. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (08.08.2021) околу 03.00 часот од страна на полициски службеници од ОВР Кочани лишени се од слобода А.В.(30) и М.К.(27), двајцата од Скопје, поради сомнение за извршено кривично дело по член 215 и 216 од Кривичниот законик. Имено, во близина на Споменикот на слободата, каде се одржувал музички фестивал, било запрено патничко возило „пасат", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.В., каде како сопатник бил М.К. и по добиена судска наредба за претрес во возилото, пронајдени е одземена дрога наменета за улична продажба, и тоа марихуана, прашкаста материја, амфетамин и таблети „екстази". Во координација со Јавен обвинител од ОЈО Кочани, лицата се приведени и задржани во полициска станица. Против А.В. и М.К. ќе биде изготвен соодветен поднесок и ќе бидат изведени пред судија на претходна постапка на Основен суд Кочани.

На 08.08.2021 во 10.35 часот, по претходна пријава, во угостителски објект на ул„Браќа Миладинови" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Р.Ц.(23), А.П.(31), Н.Ш.(45) и еден малолетник, сите од Палестина, затоа што оствариле илегален влез во Република Северна Македонија. Тие биле приведени и задржани во полициска станица за понатамошна постапка.

На 07.08.2021 во 18.53 часот во СВР Скопје, С.Д.(54) од Скопје пријавил дека околу 18.15 часот во спортска обложувалница на ул.„Горче Петров", по претходна расправија, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.08.2021 во 23.02 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во угостителски објект на покривот од катната гаража „26 Јули" на бул.„Кирил и Методиј". Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увидот е во тек.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Н.(31) од Тетово и Ќ.Ќ.(22) од с.Порој, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и „овозможување на употреба наркотични дроги". На 17.09.2020 во Тетово, при извршен преглед над Ќ.Ќ., бил пронајден и одземен кокаин, кој го купил од Ф.Н..

На 07.08.2021 во 21.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во куќа на ул.„Дижонска", сопственост на Б.Е.(52) од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 07.08.2021 во 17.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Т.К.(43) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот син Д.К.(21). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 08.08.2021 во 03.34 часот во СВР Скопје, С.С.(40) од с.Батинци, скопско, пријавил дека во 03.10 часот две лица фрлиле експлозивна направа во неговиот двор од куќа во с.Батици, која експлодирала. Според пријавеното, повредени лица нема, а биле оштетени дел од фасадата на куќата, дел од оградата и паркирано патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Д.А.(39) од с.Гарани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 28/29.07.2021 година, при претрес во домот на пријавениот, полициски службеници пронашле и одзеле 587,2 грама героин, предмети со остатоци од хероин, две стебла канабис и еден ловен патрон. На пријавениот му бил одреден и притвор од судија на претходна постапка при Основен суд Кичево.

На 07.08.2021 во 22.45 часот во Полициското одделение Арачиново, И.Ф.(26) од с.Арачиново пријавил дека околу 22.30 часот од залутано зрно бил оштетен кровот на патничко возило „бмв", со швајцарска национална ознака, сопственост на Ш.Ф., кое било паркирано во дворот од неговата семејната куќа во с.Арачиново. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет